**Известување за концентрација со која ЕОН ТВ Интернатионал Лтд, Кипар ќе стекне самостојна контрола над Елементал.ТВ ЕООД, Бугарија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.12.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на ЕОН ТВ Интернатионал Лтд со седиште на адреса Емануел Ксантоу 13, Македонитисса, Никозија 2415, Кипар над друштвото Елементал.ТВ ЕООД со седиште на адреса 122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМС2, Софија, Бугарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ЕОН ТВ Интернатионал Лтд**. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација;

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на агенција за маркетинг, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми;

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

**Елементал.ТВ** е дистрибутер на медиумски содржини преку ОТТ платформа од Софија. Онлајн ТВ-програмата што ја дистрибуира Елементал.ТВ е првенствено наменета за корисниците во Република Бугарија, но бидејќи ОТТ платформата се следи преку интернет - програмата Елементал.ТВ може да се гледа на глобално ниво, при што треба да се има предвид дека програмата е генерално на бугарски јазик.

Елементал.ТВ нема зависни друштва во Северна Македонија а во годината која претходи на концентрацијата има остварено занемарлив приход во Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека дефинијата за истиот би можела да биде пазар за обезбедување услуги на дистрибуција на медиумски содржини.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

28.02.2024 година, Скопје